


**Лефков: До кога СДС ќе глуми дистанцирање од ДУИ?**

До кога СДС ќе глуми дистанцирање од ДУИ? Никој не им верува додека не се извинат што му дозволиле на Груби да прави криминал.

Попусти се обидите на Венко Филипче да глуми дистанцирање, кога тој е виновен што криминалот на ДУИ воопшто беше можен.

СДС со години опстојуваше на власт токму заради тоа што му дозволија на Груби да краде.

СДС свесно дозволија Груби да прави што сака, само за да не паднат од власт.

Обидите сега да се дистанцираат од ДУИ се бледи и неискрени.

Доколку СДС навистина сакаат некој да им верува дека се дистанцираат од ДУИ најпрвин нека се извинат јавно што со години овозможија Артан Груби да прави криминал, знаеја за неговиот криминал и не реагираа, само за да останат на власт.

Се додека СДС отворено не признаат што правеле со Груби, се дотогаш народот нема да им верува ниту збор, затоа што се што кажуваат лажат, со желба некогаш пак да го повторат истото.

СДС има избори, или целосно ќе се оттргне од ДУИ или ќе продолжи да тоне.